СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>03.07.2012 год.<br>БРОЈ 6 ГОДИНА 47 |
| --- | --- |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА, МОДЕРНИЗАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО И УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното и улично осветлување во општина Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2012 год.

| | |
| --- | --- |
| **Број 08 -2763/3** | **ОПШТИНА ОХРИД** |
| **29.06.2012 год.** | **Градоначалник,** |
| **О х р и д** | **Александар Петрески, с.р** |

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за концесии и јавно приватно партнерство ( „Сл.весник на РМ“ бр. 44/12), член 18 од Статутот на општина Охрид ( „Службен гласник на општина Охрид бр. 08/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2012 година, донесе

# О Д Л У К А
## ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ЈАВНОПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА, МОДРЕНИЗАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО И УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ ВО ОПШТИНА ОХРИД

### Член 1

Советот на општина Охрид донесува Одлука за започнување на постапка за избор на приватен партнер за склучување на договор за јавно-приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во општина Охрид.

### Член 2

Се спроведува постапка за доделување на договор за ЈПП со отворен повик за избор на приватен партнер за склучување на договор за јавно –приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното и уличното осветлување во општина Охрид, согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство.

### Член 3

Одлуката за започнување на постапката за јавно приватно партнерство се донесува заради остварување на следните цели:

-намалување на трошоците за потрошената електрична енергија за улично и јавно осветлување, на годишно ниво;

-новата инсталација да има век на траење од минимум 15 години

-реконструкција и модернизација на уличното јавно осветлување да доведе до поголема заштеда на електрична енергија и до намалување на трошоците за идно одржување на истото, односно намалување на трошоците за резервни електрични светилки, трошоците за работна сила и механизација за замена на светилките;

-да се зголеми ефикасноста во давањето на услугите кон граѓаните во делот на уличното јавно осветлување, да се подобри естетскиот изглед на градот, како и условите за одвивање на сообраќајот и движењето на пешаците во ноќни услови;

-подобра ефикасност во смисла на степенот на осветленост (квалитет) и времетраење на инсталираното осветлување.

### Член 4

Проценетата вредност на Договорот за јавно приватно партнерство е дефинирана во студијата на ЈПП за реконструкција, модернизација и одржување на јавното осветлување во општина Охрид.

**Член 5**

Надоместокот за издавање на тендерска документација изнесува 60.000,оо денари.

**Член 6**

Постапката за избор на приватен партнер и доделување на Договор за јавно приватно партнерство ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 7**

Одлуката за избор на приватен партнер, на предлог на Комисијата, ја донесува Градоначалникот на општина Охрид.

Висината, начинот на плаќање, надоместокот и времетраењето на јавното приватно партнерство се критериуми за евалуирање и избор на најповолна понуда и истите ќе бидат содржани во Договорот за јавно приватно партнерство.

**Член 8**

Со влегување во сила на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за започнување на постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното и улично осветлување во општина Охрид бр. 07-2667/19 од 29.09.2011 година и Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапката за доделување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното и улично осветлување во општина Охрид бр. 07- 4280/47 од 27.12.2011 година.

**Член 9**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2763/3** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2012 год.** — **Претседател,**
**Охрид** — **Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УЗ 2, ДЕЛ ОД БЛОК 2.5 - ОПФАТ 1, ОХРИД 2011-2016**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЗ 2, дел од Блок 2.5 - опфат 1, Охрид 2011-2016(црква Св. Никола – Долна Влашка мала ), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2012 год.

**Број 08 -2763/4**
**29.06.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2012 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 2.5 ОПФАТ 1 ОХРИД 2011 - 2016

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт детален урбанистички план за дел од урбана заедница 2, дел од урбан блок 2.5 опфат 1 Охрид 2011-2016 .

**Член 2**

Со овој Нацрт детален урбанистички план з адел од урбана заедница 2, дел од урбан блок 2.5 опфат 1 Охрид 2011-2016 . се опфаќа простор со површина од 5,30 ha.

Просторот на планскиот опфат по Деталниот урбанистички план за дел од урбана заедница 2, дел од урбан блок 2.5 опфат 1 Охрид 2011-2016 е опфат на границите:

**Ул. „Славеј Планина“, ул „Ст.3”, ул „Партизанска“ ул „Јане Сандански“ .**

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за дел од урбана заедница 2, дел од урбан блок 2.5 опфат 1 Охрид 2011-2016 . со тех. бр. 26/11 изработен од „ПОЛОГ ПРОЕКТ-ПРО“ доо Гостивар содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - деталниот урбанистички план за дел од урбана заедница 2, дел од урбан блок 2.5 опфат 1 Охрид 2011-2016 .

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 2763/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 13 УРБАН БЛОК 13.2 ОПФАТ 1(УЛИЦА БУДВА И УЛИЦА ВИНКОВАЧКА), КО ОХРИД 4, ОХРИД 2011-2016**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување Детален урбанистички план за Урбана заедница 13 урбан блок 13.2 опфат 1(улица Будва и улица Винковачка), КО Охрид 4, Охрид 2011-2016 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2012 год.

**Број 08 -2763/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2012 година, донесе:

# О Д Л У К А
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 13 УРБАН БЛОК 13.2 ОПФАТ 1 (УЛИЦА БУДВА И УЛИЦА ВИНКОВАЧКА ) КО ОХРИД 4, ОХРИД 2011 – 2016

### Член 1

Се донесува Детален урбанистички план за Урбана заедница 13 урбан блок 13.2 опфат 1(улица Будва и улица Винковачка), КО Охрид 4, Охрид 2011-2016.

### Член 2

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 2.70 ха.

Просторот на планскиот опфат по Детален урбанистички план за Урбана заедница 13 урбан блок 13.2 опфат 1 (улица Будва и улица Винковачка), КО Охрид 4, Охрид 2011-2016, е опфат на границите:

**сервисна улица Будва Сер.„1“, пешачка улица Пе „1“, стамбена улица Ст.„4“, стамбена улица „Ст.1“, стамбена улица Радојца Новичиќ Ст. „3“ и стамбена улица Винковачка Ст.„2“.**

### Член 3

Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 13 урбан блок 13.2 опфат 1(улица Будва и улица Винковачка), КО Охрид 4, Охрид 2011-2016, изработен од „ ДБ СТИЛ КО“ Охрид со технички број 03/11 содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

### Член 4

Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 13 урбан блок 13.2 опфат 1(улица Будва и улица Винковачка), КО Охрид 4, Охрид 2011-2016, се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид.

### Член 5

Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 13 урбан блок 13.2 опфат 1(улица Будва и улица Винковачка), КО Охрид 4, Охрид 2011-2016, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам и заштита на животната средина.

### Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 2763/5**
**29.06.2012 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УРБАНА ЗАЕДНИЦА 12 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 12.4 НА КП 1469 ( КП 1087/3-СТАР БРОЈ) ОПФАТ 1 ( УЛИЦА ПАРИСКА КОМУНА) КО РАМНЕ ОХРИД 2011 – 2016**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување Детален урбанистички план во Урбана заедница 12 дел од урбан блок 12.4 на кп 1469 ( кп 1087/3-стар број) опфат 1 ( улица Париска комуна) КО Рамне Охрид 2011 – 2016 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2012 год.

**Број 08 -2763/6**
**29.06.2012 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 60/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2012 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВО УРБАНА ЗАЕДНИЦА 12 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 12.4 НА КП 1469 ( КП 1087/3-СТАР БРОЈ) ОПФАТ 1 ( УЛИЦА ПАРИСКА КОМУНА) КО РАМНЕ, ОХРИД 2011 – 2016**

**Член 1**

Се донесува Детален урбанистички план во Урбана заедница 12 дел од урбан блок 12.4 на кп 1469 ( кп 1087/3-стар број) опфат 1 ( улица Париска комуна) КО Рамне Охрид 2011 – 2016 .

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 0.03 ха.

Просторот на планскиот опфат Деталниот урбанистички план во Урбана заедница 12дел од урбан блок 12.4 на кп 1469 ( кп 1087/3-стар број) опфат 1( улица Париска комуна) КО Рамне Охрид 2011 – 2016, е опфат на границите:

**Стамбена улица Париска комуна Ст. „1“, Пешачка патека ПП „1“ и соседните кп 1466, кп 1467 и кп 1468 .**

**Член 3**

Деталниот урбанистички план во Урбана заедница 12 дел од урбан блок 12.4 на кп 1469 ( кп 1087/3-стар број) опфат 1 ( улица Париска комуна) КО Рамне Охрид 2011 – 2016, изработен од „ ДБ СТИЛ КО“ Охрид со технички број 12/11 содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Деталниот урбанистички план во Урбана заедница 12 дел од урбан блок 12.4 на кп 1469 ( кп 1087/3-стар број) опфат 1 ( улица Париска комуна) КО Рамне Охрид 2011 – 2016, КО Охрид 4, Охрид 2011-2016, се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план во Урбана заедница 12 дел од урбан блок 12.4 на кп 1469 ( кп 1087/3-стар број) опфат 1 ( улица Париска комуна) КО Рамне Охрид 2011 – 2016, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам и заштита на животната средина.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-2763/6** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2012 год.** — **Претседател,**
**О х р и д** — **Душко Јаковчески, с.р .**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за разрешување членови од Управниот одбор на ЈП „Билјанини Избори“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2012 год.

**Број 08 -2763/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески , с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа и член 18 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се разрешуваат членовите од Управниот одбор на ЈП „ Билјанини Извори“ Охрид :

- **БЛАГОЈА МАРКОСКИ**
- **САШО БАЧЕВ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-2763/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување членови во Управниот Одбор на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2012 год.

**Број 08 -2763/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа и член 18 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2012 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ “ ОХРИД**

**Член 1**

За членови во Управниот одбор на ЈП „ Билјанини Извори“ Охрид се именуваат :

- **ИЛИЈА ВАСИЛЕСКИ**
- **КАТЕРИНА ВЕРУШЕСКА**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2763/8** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПОДПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА СЕЛО ЛЕСКОЕЦ ( ВТОРА ФАЗА)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за одобрување на подпроектот за изградба на фекална канализација за село Лескоец (втора фаза) , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2012 год.

**Број 08 -2763/9** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2012 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески, с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ бр. 5/02“) и член 18 од Статутот на Општина Охрид ( „Службен гласник на општина Охрид“ бр. 08/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.06.2012 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПОДПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА ЗА СЕЛО ЛЕСКОЕЦ (ВТОРА ФАЗА)**

**Член 1**

Се одобрува подпроектот за изградба на фекална канализација за село Лескоец (втора фаза), изработен од ЈП „Нискоградба Охрид “ Охрид , со тех. бр.06/011 од 12/2011 год.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 2763/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.06.2012 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески, с.р**

## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за јавно приватно партнерство за реконструкција, модернизација и одржување на јавното и улично осветлување во општина Охрид | 2 |
| 2. | Одлука за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за дел од УЗ 2, дел од Блок 2.5 - опфат 1, Охрид 2011-2016(црква Св. Никола –Долна Влашка мала ) | 4 |
| 3. | Одлука за донесување Детален урбанистички план за Урбана заедница 13 урбан блок 13.2 опфат 1(улица Будва и улица Винковачка), КО Охрид 4, Охрид 2011-2016 | 6 |
| 4. | Одлука за донесување Детален урбанистички план во Урбана заедница 12 дел од урбан блок 12.4 на кп 1469 ( кп 1087/3-стар број) опфат 1 ( улица Париска комуна) КО Рамне Охрид 2011 – 2016 | 7 |
| 5. | Одлука за разрешување членови од Управниот одбор на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид | 9 |
| 6. | Одлука за именување членови во Управниот Одбор на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид | 10 |
| 7. | Одлука за одобрување на подпроектот за изградба на фекална канализација за село Лескоец (втора фаза) | 11 |


*e-mail: sovet@ohrid.gov.mk*